# Службен весник на Република Македонија

Број 8 | 14 јануари 2013, понеделник | година LXIX

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk


СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 285. | **Правилник** за начинот на поведување и водење на дисциплинската постапка за утврдување на дисциплинска одговорност на воениот и цивилниот персонал на служба во Армијата на Република Македонија и начинот на работата на комисиите за спроведување на постапката за утврдување на дисциплинска одговорност .................... | 2 |
| 286. | **Правилник** за начинот на вршењето на визуелно-тонско снимање на испитувањето на обвинетиот од страна на јавниот обвинител или во негово присуство................................. | 4 |
| 287. | **Одлука** за влегување во сила на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија............................................... | 4 |
| 288. | **Одлука** за определување највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата. | 6 |
| 289. | **Објава** за стапката на трошоците на живот и платите за месец декември 2012 година................................ | 8 |
| | **Огласен дел......................................** | **1-56** |

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА

**285.**

Врз основа на член 145 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/10, 23/11, 47/11, 148/11 и 55/12), министерот за одбрана донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА НАЧИНОТ НА ПОВЕДУВАЊЕ И ВОДЕЊЕ НА ДИСЦИПЛИНСКАТА ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ НА ВОЕНИОТ И ЦИВИЛНИОТ ПЕРСОНАЛ НА СЛУЖБА ВО АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И НАЧИНОТ НА РАБОТАТА НА КОМИСИИТЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на поведување и водење на дисциплинската постапка за утврдување на дисциплинска одговорност на воениот и цивилниот персонал на служба во Армијата на Република Македонија и начинот на работата на комисиите за спроведување на постапката за утврдување на дисциплинска одговорност.

Член 2

Иницијативата за поведување на дисциплинската постапка содржи:

- означување на надлежното лице до кое се поднесува иницијативата,
- штембил и деловоден број од воената пошта или организациската единица каде што е поднесена иницијативата,
- податоци за лицето против кое се поднесува иницијативата (име и презиме, чин, воена пошта),
- опис на дејствието кое што претставува повреда на воена дисциплина, (со наведување на датумот, часот и местото на кое е сторена повредата на воената дисциплина),
- докази и други потребни податоци за целосно и вистинито утврдување на фактичката состојба, и
- означување на подносителот на иницијативата (должност, чин, име, татково име и презиме и потпис).

Ако се познати, во иницијативата може да се наведат и податоци за:

- единствениот матичен број на граѓанинот против кое се поднесува иницијативата, формациското или работното место, односно должноста на која е поставен, местото и адресата на живеалиштето, и
- евентуалните штетни последици кои произлегле како резултат на причинско - последичната врска на извршеното дејствие, а доколку била предизвикана материјална штета и износот на штетата.

Член 3

Иницијативата за поведување на дисциплинската постапка се доставува и на лицето против кое се поднесува, со цел да се запознае и да се изјасни по наводите во иницијативата.

Доставувањето на иницијативата се врши во согласност со одредбите од Законот за општа управна постапка.

Доказот за извршената достава е составен дел од предметот по иницијативата.

Член 4

По приемот на иницијатива, лицето против кое е поднесена може писмено да се изјасни по наводите во иницијативата најдоцна пет дена од денот на приемот на иницијативата.

Член 5

Ако во сторената повреда на воената дисциплина се содржани елементи на кривично дело, се известува надлежната служба за спречување и откривање на кривични дела и овластените службени лица определени од министерот за одбрана.

Член 6

Ако лицето против кое е поднесена иницијативата во меѓувреме е преместено од организационата, односно воената единица каде повредата е сторена, иницијативата за поведување на дисциплинската постапка се доставува до надлежното лице на организационата, односно воената единица во која лицето е преместено.

Во случај ако постапката за утврдување на дисциплинска одговорност на лицето од ставот 1 на овој член е во тек, односно не е донесена одлука, комисијата која ја води постапката продолжува со работата и предлогот за изрекување на дисциплинска мерка го доставува до надлежното лице на организационата, односно воената единица во која лицето е преместено.

Врз основа на предлогот од ставот 2 на овој член, надлежното лице на организационата, односно воената единица во која лицето е преместено изрекува дисциплинска мерка.

Ако надлежното лице од ставот 2 на овој член, оцени дека доставените списи и докази не се доволни за донесување на решение за изрекување на дисциплинска мерка, по замолен пат ќе побара од претходната организациона, односно воената единица каде повредата е сторена, да се достават дополнителни списи и докази.

Во случајот од ставот 4 на овој член, надлежното лице формира комисија за спроведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност.

Член 7

Дисциплинската одговорност на лицето се утврдува на расправа пред комисијата со која раководи претседателот на комисијата.

Член 8

Поканата за расправа пред комисијата се доставува до лицето против кое е покрената постапката и сведоците.

Доставувањето на поканата од ставот 1 на овој член, се врши во согласност со одредбите од Законот за општа управна постапка.

Член 9

Поканата за расправа пред комисијата содржи:

- име и презиме на лицето кое се повикува,
- својство и причина за кое се повикува лицето во постапката, и
- време и место на одржување на расправата.

Член 10

Ако е извршена уредна достава на поканата за расправа, а лицата од членот 8 од овој правилник, не го оправдаат своето отсуство, комисијата може да одлучува во нивно отсуство.

Член 11

Во постапката за утврдување на дисциплинска одговорност од страна на комисијата се преземаат следните дејствија:

- се повикува лицето да се произнесе по наводите во иницијативата,
- се прибираат и изведуваат потребните докази (вршење на увид во списите, сослушување на сведоците и друго), заради утврдување на фактичката состојба, и
- се обезбедуваат последните две службени оценки за лицето против кое се поднесува иницијативата, кои би можеле да влијаат врз одредувањето на видот и висината на дисциплинската мерка.

Член 12

За дејствијата преземени на расправата, се водат:

- записник за сослушување на лицето против кое е покрената постапката,
- записник за сослушување на сведок, и
- записник за советување и гласање за вината и дисциплинската мерка.

Член 13

Записникот за сослушување на лицето против кое е покрената постапката и записникот за сослушување на сведокот содржат податоци за: составот на комисијата, записничарот, местото и времето на одржувањето на расправата, деловодниот број на иницијатива, лицето против кое е покрената постапката за утврдување на дисциплинска одговорност, содржината на исказот на лицето против кое е покрената постапката или сведоците и доказите кои притоа се изведени.

Записниците од ставот 1 на овој член, ги потпишуваат: претседателот, членовите на комисијата, записничарот и лицата кои се сослушуваат во дисциплинската постапка.

Ако сослушаното лице одбие да го потпише записникот, тоа се констатира во записникот.

Член 14

Записникот за советување и гласање за вината и дисциплинската мерка, покрај податоците од член 13 од овој правилник, содржи и податоци за советување и гласање за вината и податоци за советување и гласање за дисциплинската мерка која се предлага да се изрече, во кои членовите на комисијата поединечно се произнесуваат за вината и видот на дисциплинската мерка која се предлага.

Ако од страна на комисијата се предложени различни видови на дисциплински мерки, комисијата го повторува советувањето и гласањето за дисциплинската мерка и предлага единствена дисциплинска мерка.

Записникот од ставот 1 на овој член, го потпишуваат сите членови на комисијата и записничарот.

Член 15

Предлогот на одлуката на комисијата се доставува до надлежното лице за изрекување на дисциплински мерки.

Предлогот од став 1 на овој член содржи:

- вовед (во кој се наведува: правниот основ за предлагање на одлуката, составот на комисијата, деловодниот број на иницијативата, лицето против кое се поведува постапка за утврдување на дисциплинска одговорност),
- изрека (во која се наведува: предлогот на комисијата, име и презиме лицето против кое се води постапката за утврдување на дисциплинска одговорност и деловодниот број на иницијативата), и
- образложение (во кое се наведува: фактичката состојба, доказите врз основа на кои е утврдена и образложение за причините за предлогот).

Член 16

Ако по разгледување на иницијативата и доказите од страна на комисијата се оцени дека нема одговорност на лицето против кое е покрената постапката или дека водењето на постапката за утврдување на дисциплинска одговорност е застарено, се предлага на надлежното лице да донесе решение за отфрлање на предлогот, односно решение за запирање на дисциплинската постапка.

Решението од ставот 1 на овој член, се доставува до лицето против кого се води постапката и неговиот непосредно претпоставен воен старешина.

Член 17

Ако од страна на комисијата се утврди постоење на одговорност на лицето против кое е покрената постапката, на надлежното лице се предлага изрекување на соодветна дисциплинска мерка.

Надлежното лице може да го прифати предлогот на комисијата или во рамките на своите законски овластувања да донесе соодветно решение.

Ако надлежното лице смета дека за сторената повреда на воената дисциплина треба да се изрече дисциплинска мерка престанок на работниот однос, престанок на статус активен воен персонал и губење на чин, во тој случај, иницијативата со сите списи, најдоцна за пет дена се доставува до Главната военодисциплинска комисија.

Член 18

Дисциплинските мерки од членот 133 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија, изречени на воен персонал на стручно оспособување, односно обука, се соопштуваат јавно пред стројот на војниците во единицата, од страна на непосредно претпоставеното лице и се запишуваат во книгата за дневен извештај на единицата.

Член 19

Главната военодисциплинска комисија расправа во состав кој го одредува претседателот на Главната военодисциплинска комисија.

Член 20

Стручните работи за подготовката, текот и водењето на постапката на Главната военодисциплинска комисија се вршат од страна на секретарот на комисијата, кој ги подготвува предлог-решенијата, води евиденција за работата на Главната военодисциплинска комисија, како и изработува други акти и преписки за потребите на комисијата.

Член 21

По добивањето на иницијативата со сите списи, доколку од доставените списи и докази може да се утврди одговорност на лицето против кое е покрената постапката, од страна на Главната военодисциплинска комисија, се продолжува постапката за утврдување на дисциплинска одговорност, при што се повикува само лицето, на кого му се предочува доказите со кои комисијата располага и се донесува одлука.

Ако Главната военодисциплинска комисија, оцени дека доставените списи и докази не се доволни за донесување на одлука, може да побара дополнителни докази од подносителот на иницијативата или од надлежниот старешина на организационата, односно воената единица во која е сторена повредата.

Член 22

Главната военодисциплинска комисија работи на начин утврден во членовите 7 до 16 од овој правилник, со тоа што за предлогот за изрекување на дисциплинска мерка одлучува со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови.

Член 23

Предлогот за изрекување на дисциплинска мерка за активниот воен персонал заклучно со чин капетан, како и за цивилниот персонал на служба во Армијата на Република Македонија, се доставува до началникот на Генералштабот на Армијата на Република Македонија, а за офицерите од чин мајор до полковник, предлогот се доставува до министерот за одбрана.

Член 24

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Упатството за начинот на спроведување на постапката за утврдување на дисциплинска одговорност на воените и цивилните лица на служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија " бр. 33/03).

Член 25

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 01-154/1
3 јануари 2013 година
Скопје

Министер за одбрана,
д-р **Фатмир Бесими,** с.р.

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

**286.**

Врз основа на член 207 став (5) од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 150/10 и 100/12), министерот за правда донесе

### ПРАВИЛНИК
### ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕТО НА ВИЗУЕЛНО-ТОНСКО СНИМАЊЕ НА ИСПИТУВАЊЕТО НА ОБВИНЕТИОТ ОД СТРАНА НА ЈАВНИОТ ОБВИНИТЕЛ ИЛИ ВО НЕГОВО ПРИСУСТВО

Член1

Со овој правилник се пропишува начинот на вршењето на визуелно-тонско снимање на испитувањето на обвинетиот од страна на јавниот обвинтел или во негово присуство.

Член 2

Визуелно тонското снимање на испитувањето на обвинетиот од страна на јавниот обвинтел или во негово присуство (во натамошниот текст: снимањето), се врши во посебна просторија, во која е сместен апаратот за снимање.

Во просторијата има две камери за снимање. Едната камера, во голема слика, ја снима целата просторија и е насочена во правец на влезната врата од просторијата над која е ставен голем ѕиден часовник. Со ова камера се снимаат и сите лица кои учествуваат во испитувањето. Другата камера во профил го снима само обвинетиот и ваквата снимка е сместена како помала слика во рамките на големата слика од првата камера.

Во просторијата има најмалку четири микрофони кои ги снимаат изјавите на јавниот обвинител, обвинетиот, неговиот бранител и преведувачот/толкувачот на посебни (одделни) тонски канали.

Член 3

На почетокот на снимањето, обвинетиот се известува дека испитувањето ќе се снима и се поучува за сите негови права од член 70 од Законот за кривичната постапка.

Ако обвинетиот има бранител и тој се повикува да присуствува на испитувањето кое се снима.

Ако обвинетиот нема бранител, а одбраната е задолжителна, пред да се започне со снимањето се постапува согласно член 74 од Законот за кривичната постапка.

Член 4

Со апаратот за снимање ракува техничко лице.

За извршеното снимање веднаш се составува и печати записник од страна на записничар.

Записникот содржи назив на датотеката на снимката, составена од називот на јавното обвинителство, бројот на предметот и датумот на снимањето и во целост содржината на изјавите.

Записникот се потпишува од страна на сите учесници во испитувањето.

Член 5

На почетокот на снимањето, се објавува времето на почетокот на снимањето и се опоменува обвинетиот дека снимената изјава може да се користи во натамошната постапка.

Член 6

На почетокот на снимањето од обвинетиот се земаат лични податоци согласно член 205 од Законот за кривичната постапка и обвинетиот се поучува за неговите права согласно член 206 од Законот за кривичната постапка, а потоа се започнува со испитување на обвинетиот.

Член 7

За секој прекин на испитувањето во снимката се наведуваат причините, почетокот на прекинот и почетокот на продолжувањето, а на крајот на снимката се запишува и времето на завршувањето на испитувањето.

Член 8

Од извршеното снимање се изработуваат три примероци на снимката. Едниот примерок од снимката останува кај јавниот обвинител, вториот примерок му се дава на обвинетиот, а третиот примерок се запечатува во посебен плик и веднаш по испитувањето се предава на судијата на претходна постапка.

Член 9

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува со отпочнувањето на примената на Законот за кривична постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.150/10 и 100/12).

Бр. 01-89/1
9 јануари 2013 година
Скопје

Министер за правда,
**Блерим Бецети,** с.р.

---

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**287.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 22 став 1 точка 16, член 39 став 2 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ" бр. 16/11, 136/11) и член 32 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ", бр. 143/11), постапувајќи по барањето на Друштвото за производство, трговија и услуги ЛЕАРНИЦА ЗА АЛУМИНИУМ И ЦИНК ДООЕЛ увоз-извоз Ресен, за влегување во сила на лиценца за производство на електрична енергија на седницата одржана на ден 14.01.2013 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. Лиценцата на Друштвото за производство, трговија и услуги ЛЕАРНИЦА ЗА АЛУМИНИУМ И ЦИНК ДООЕЛ увоз-извоз Ресен, за вршење на енер-

гетска дејност производство на електрична енергија од фотоволтаична централа „Солар инвест 1“ издадена со Одлука УП1 бр. 07-91/12 од 14.06.2012 година, („Службен весник на РМ“ бр. 76/12) влегува во сила.

2. Лиценцата е прилог 1 на оваа одлука.

3. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага неговото извршување.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 Бр. 07-91/12
14 јануари 2013 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

Прилог 1

ЛИЦЕНЦА
ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ
ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

**1. Име и седиштето на носителот на лиценцата**
Друштвото за производство, трговија и услуги ЛЕАРНИЦА ЗА АЛУМИНИУМ И ЦИНК ДООЕЛ увоз-извоз Ресен со седиште на ул. Димитар Влахов бр. 6, Ресен

**2. Енергетска дејност за која се издава лиценцата**
Производство на електрична енергија

**3. Датум на издавање на лиценцата**
14.01.2013 година

**4. Датум до кога важи лиценцата**
14.01.2048 година

5. Евидентен број на издадената лиценца
ЕЕ - 94.01.1/11

**6. Број на деловниот субјект** – 6126871

**7. Единствен даночен број** – 4024006108491

**8. Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши**
Како енергетска дејност производство на електрична енергија, во смисла на оваа лиценца, се смета производство на електрична енергија што носителот на лиценцата ќе го врши со фотоволтаичен систем, во обем согласно техничките карактеристики на производниот капацитет.

**9. Локација на вршење на енергетската дејност**
Носителот на лиценцата, енергетската дејност производство на електрична енергија од обновливи извори ќе го врши од фотоволтаичен систем „Солар инвест 1“, со моќност од 41,76 kW, изграден на КП бр. 6211/0, КО Ресен, Општина Ресен.

**10. Производни капацитети со кои се врши енергетската дејност**
Носителот на лиценцата, енергетската дејност производство на електрична енергија ќе ја врши со производни капацитети чии технички податоци се составен дел од оваа лиценца.

**11. Право на приклучување, пристап и користење на системот за дистрибуција на електрична енергија**
Носителот на лиценцата има право на приклучување, пристап и користење на системот за дистрибуција на електрична енергија заради непречено вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија во согласност со закон, друг пропис и општ акт, како и во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија одобрени од страна на Регулаторната комисија за енергетика.

**12. Права и обврски за носителот на лиценца**
Со оваа лиценца се определуваат начинот и условите за вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија, правата и обврските на Друштвото за производство, трговија и услуги ЛЕАРНИЦА ЗА АЛУМИНИУМ И ЦИНК ДООЕЛ увоз-извоз Ресен во понатамошниот текст: носител на лиценцата) и неговото учество на пазарот на електрична енергија.

- Носителот на лиценцата е должен:
- да обезбеди достапност на договорената енергија и/или системски услуги до точката на прием во преносниот или дистрибутивниот систем, во согласност со лиценцата;
- да работи согласно со законите, другите прописи, како и мрежните правила за пренос или мрежните правила за дистрибуција, пазарните правила, и условите определени во лиценците;
- да доставува извештаи, податоци и информации до операторот на електропреносниот систем или операторот на дистрибутивниот систем, во согласност со мрежните правила за пренос или мрежните правила за дистрибуција;
- да доставува до операторот на пазарот на електрична енергија и до операторот на електропреносниот систем податоци и информации од договорите за продажба на електрична енергија, расположливост на производниот капацитет и/или системски услуги, освен комерцијално-финансиските податоци во согласност со пазарните правила;
- да обезбеди електрична енергија за сопствените потреби од своите капацитети или од отворен пазар; и
- да ги одржува во исправна и функционална состојба, производните капацитети кои се вклучени во процесот на производство на електрична енергија, согласно прописите за ваков вид на постројки.

**13. Обврска за одвоена сметководствена евиденција**
Носителот на лиценцата е должен:
- во своите интерни пресметки да води одвоена евиденција за секоја од енергетските дејности за кои што поседува лиценца за вршење на енергетска дејност;
- во согласност со сметководствените стандарди со кои се уредува сметководственото работење на претпријатието да изготвува финансиски извештаи кои ќе обезбедат информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите со резултатите од работењето, како и паричните текови на претпријатието; и
- да обезбедува консолидирани финансиски извештаи.

**14. Обврска за доставување на Годишен извештај за финансиското и деловното работење**
Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 10 март во тековната година да достави годишен извештај за делокругот на своето работење, вклучувајќи го и извештајот за финансиското и деловното работење во претходната година. Годишниот извештај со сите прилози задолжително се доставува и во електронска форма.

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 10 март во тековната година да достави годишен извештај за работењето на претходната година. Годишниот извештај содржи податоци особено за:

1) опис и обем на вршењето на енергетската дејност во текот на годината;

2) комплет годишна сметка составена од: биланс на состојба и биланс на успех, извештај за промените во главнината, извештај за паричните текови, применетите сметководствени политики и други објаснувачки белешки подготвени во согласност со важечката законска регулатива;

3) превземени мерки:

- за заштита на опремата и објектите од надворешни влијанија и хаварии и осигурување на објектите и опремата за вршење на енергетска дејност;
- за заштита при работа;
- за вршење на дејноста во услови на кризна состојба, промена на условите на светскиот пазар, како и воена и вонредна состојба.

4) реализирање на планот за работа кој што се однесува на соодветната година;

**15. Обврска за доставување на други извештаи, информации и податоци во врска со вршењето на енергетската дејност**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика да доставува:

- во писмена и/или електронска форма, квартални и годишни извештаи за количините на произведената и испорачаната електрична енергија на точка на прием во системот за дистрибуција на електрична енергија;
- известување за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност производство на електрична енергија како и други промени во работењето предвидени во правилникот.

**16. Мерење на произведената електрична енергија и моќност**

Мерење на произведената, односно испорачаната електрична енергија во дистрибутивниот систем се врши во пресметковното мерно место во постапка и начин утврден согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

**17. Обврска за овозможување на пристап до производните единици и непосреден увид во документацијата**

Носителот на лиценцата е должен по барање на Регулаторната комисија за енергетика, да и овозможи непосреден увид во целокупната документација, како и пристап во објектите, деловните простории, простори, инсталации, како и на средствата и опремата потребни за вршење на енергетската дејност, во согласност со Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

**18. Квалитет на услугата**

Носителот на лиценцата е должен да обезбеди технички средства и други услови кои ќе овозможат постојан квалитет на произведената електрична енергија, согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Носителот на лиценцата е должен да врши постојан мониторинг на параметрите кои го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија и по барање на Регулаторната комисија за енергетика, да доставува писмен извештај за движењето на сите параметри кои што го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија во определен временски период.

**19. Изменување и продолжување како и пренесување, престанување, суспендирање и одземање на лиценцата**

Изменување и продолжување, како и пренесување, престанување, суспендирање и одземање на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика и од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

**20. Мерки во случај на неисполнување на обврските од страна на носителот на лиценцата**

Доколку носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика ќе превземе мерки согласно Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

**Податоци за фотоволтаична централа приклучена на дистрибутивна мрежа согласно Табела VI:**

**1. Име на фотоволтаичен систем:**

- Фотоволтаична централа „Солар инвест 1“;

**2. Локација на фотоволтаичниот систем на дистрибутивната мрежа:**

- Приклучок од ТС Ресен, 110/35/20(10) kV / kV од СН извод 10(20) kV Алгрета;

**3. Општи податоци:**

- година на почеток на градба: 2012 год.;
- година на завршеток на градба: 2013 год.;
- година на почеток на работа: 2013 год;
- проценет животен век на фотоволтаичниот систем: 25 години;
- зголемување на капацитетот, број на фотоволтаични модули и номинална моќност по години не е предвидена;

**4. Податоци за опрема:**

1. податоци за модулите

- број на фотоволтаични модули 174 модули;
- тип, производител и номинални податоци на фотоволтаичниот модул: Solar World AG; Austria; моќност на модул 240 W; напон 30,2 V; струја 7,94 A; вкупна моќност 41,76 kW;

2. податоци на инвертор

- број на инвертори 3;
- тип, производител и номинални податоци на инвертор: инвертор SMA Sunny Tripower 15000 TL X 1 и SMA Sunny Tripower 12000 TL трифазен X 2; Германија; 16.900W/15.000W, напон од 350 - 720V, струја 22/22 A;

**5. Годишно сончево зрачење на таа локација:** 1690 kWh/m2 на хоризонтална површина;

**6. Очекувано производство на електрична енергија:** 56.600 кWh.

---

**288.**

Врз основа на член 22, алинеја 5 од Законот за енергетика ("Службен весник на РМ" бр. 16/2011 и 136/11), член 28 од Законот за акцизите ("Службен весник на РМ" бр. 32/2001, 50/2001, 52/2001, 45/2002, 98/2002, 24/2003, 96/2004, 38/2005, 88/2008, 105/2009, 34/2010 и 55/11), член 28 и 29 од Законот за данокот на додадена вредност ("Службен весник на РМ" бр. 44/99, 86/99, 08/2001, 21/2003, 19/2004, 33/2006, 101/2006, 114/2007, 103/2008, 114/2009 и 133/2009), Законот за животната средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05) и Уредбата за начинот на утврдување, пресметување и уплатување на надоместокот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати што се плаќаат при увоз и/или производство на нафтени деривати ("Службен весник на РМ" бр. 138/09 и 52/11), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 14.01.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ УТВРДЕНИ СОГЛАСНО МЕТОДОЛОГИЈАТА**

Член 1

Претпријатијата кои произведуваат деривати од нафта можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати така што највисоките производни цени да изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| а) Моторни бензини | ден/лит |
| - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | до 42,870 |
| - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | до 44,276 |
| б) Дизел гориво | ден/лит |
| - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | до 44,746 |
| в) Масло за горење | ден/лит |
| - екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | до 44,095 |
| г) Мазут | ден/кг |
| - М-1 НС | до 35,183 |

Член 2

Претпријатијата и другите правни и физички лица, што вршат промет на нафтени деривати и увозници (во натамошниот текст: претпријатија) ги формираат цените за одделни нафтени деривати така што:

А. Највисоките малопродажни цени (1 ГРУПА НА ЦЕНИ) да изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| а) Моторни бензини | ден/лит |
| - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | до 82,00 |
| - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | до 83,50 |
| б) Дизел гориво | ден/лит |
| - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | до 72,00 |
| в) Масло за горење | ден/лит |
| - екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | до 60,50 |
| г) Мазут | ден/кг |
| - М-1 НС | до 43,039 |

Б. Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да ги формираат цените за одделни нафтени деривати во однос на највисоките цени од точката А на став 1 на овој член (1 ГРУПА НА ЦЕНИ), освен од подточката “г” и тоа: за 0,5 ден/лит пониски (2 ГРУПА НА ЦЕНИ), за 1,00 ден/лит пониски (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) и за 1,5 ден/лит пониски (4 ГРУПА НА ЦЕНИ), согласно следната табела и да изнесуваат:

| НАФТЕН ДЕРИВАТ | (2 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | (4 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит |
|---|---|---|---|
| ЕУРОСУПЕР БС - 95 | 81,50 | 81,00 | 80,50 |
| ЕУРОСУПЕР БС - 98 | 83,00 | 82,50 | 82,00 |
| ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | 71,50 | 71,00 | 70,50 |
| Е Л -1 - ЕКСТРА ЛЕСНО 1 | 60,00 | 59,50 | 59,00 |

Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да вршат промет на секој дериват поодделно по една од цените утврдени за тој дериват во една од групите на цени определени согласно оваа одлука.

Цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен цената за мазутот М-1 НС, важат франко пумпна станица, а цената на мазутот М-1 НС важи франко производител во земјата.

Во цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен во цената за мазутот М-1 НС , содржани се и трошоците за превоз од 0,50 ден/литар.

Во малопродажните цени формирани согласно овој член содржан е данокот на додадена вредност согласно Законот.

Член 3

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа Одлука содржан е надоместокот за финансирање на активностите во областа на животната средина кои согласно Законот за животната средина го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон и тоа:

| | |
|---|---|
| а) Моторни бензини | ден/лит |
| - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | до 0,080 |
| - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | до 0,080 |
| б) Дизел гориво | ден/лит |
| - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | до 0,030 |
| в) Масло за горење | ден/лит |
| - екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | до 0,040 |
| г) Мазут | ден/кг |
| - М-1 НС | до 0,050 |

Член 4

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа Одлука содржан е надоместокот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати кои согласно Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон при увоз и/или производство на нафтени деривати и тоа:

| | |
|---|---|
| а) Моторни бензини | ден/лит |
| - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | до 0,890 |
| - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | до 0,890 |
| б) Дизел гориво | ден/лит |
| - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | до 0,300 |
| в) Масло за горење | ден/лит |
| - екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | до 0,300 |
| г) Мазут | ден/кг |
| - М-1 НС | до 0,740 |

Член 5

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа одлука акцизите кои ги плаќаат обврзниците согласно Законот изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| а) Моторни бензини | ден/лит |
| - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | до 21,951 |
| - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | до 21,817 |
| б) Дизел гориво | ден/лит |
| - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | до 12,241 |
| в) Масло за горење | ден/лит |
| - екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | до 3,136 |
| г) Мазут | ден/кг |
| - М-1 НС | до 0,100 |

Член 6

Во малопродажните цени утврдени согласно членот 2 од оваа одлука, трошоците на прометот на секој поодделен нафтен дериват од секоја ценовна група изнесуваат:

| НАФТЕН ДЕРИВАТ | Ед. мерка | (1 ГРУПА НА ЦЕНИ) | ( 2 ГРУПА НА ЦЕНИ) | (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) | (4 ГРУПА НА ЦЕНИ) |
|---|---|---|---|---|---|
| ЕУРОСУПЕР БС - 95 | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| ЕУРОСУПЕР БС - 98 | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| Е Л 1 - ЕКСТРА ЛЕСНО 1 | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| МАЗУТ М-1 НС | ден/кг | 0,400 | 0,400 | 0,400 | 0,400 |

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 00:01 часот на 15.01.2013 година и истата ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија” и на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

Бр. 02-92/1
14 јануари 2013 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**289.**

Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/1, 26/2, 46/02, 37/5, 121/7, 161/8, 92/9, 97/10, 11/12 и 145/12), Министерството за труд и социјална политика

**О Б Ј А В У В А**

1. Стапката на трошоците на живот за месец декември 2012 година, во однос на месец ноември 2012 година е на нивото од претходниот месец.

2. Правото на пораст на платите за месец декември 2012 година, во однос на месец ноември 2012 година, за работодавачите од членот 3 став 2 од Законот за исплата на платите во Република Македонија ја вршат на нивото на правото утврдено за претходниот месец.

Министер,
**Спиро Ристовски,** с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје**
**бул. „Партизански одреди“ бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов.**
**Телефон: +389-2-55 12 400.**
**Телефакс: +389-2-55 12 401.**

**Претплатата за 2013 година изнесува 10.100,00 денари.**
**„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.**
**Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.**

ISSN 0354-1622
2013008